**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-409/1 од 23.01.2024 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Триесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **30.01.2024 година (вторник) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2024 година;
3. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2024 година;
4. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2024 година;
5. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;
6. Предлог - Одлука за примање на донација од "Макстил" АД Скопје;
7. Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Белавода", "Ќумче" и "Човек", за водоснабдителен систем во населено место Булачани;
8. Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворот "Врело", за водоснабдителен систем во населено место Виниче;
9. Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Река", "Висока чешма", "Студена чешма" и "Пештани", за водоснабдителен систем во населено место Раштак;
10. Предлог - Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори за 2024 година;

11. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за користење на финасиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди;
12. Предлог - Правилник за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба;
13. Предлог - Правилник за финансиска поддршка за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба;
14. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба;
15. Предлог - Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја за период 2024 - 2028 година;
16. Предлог - Одлука за подигање на спомен - обележје (плоча) на Вера Јоциќ 1923-1944, Народен херој на Македонија, убиена од бугарските фашисти;
17. Предлог - Одлука за подигање на спомен - обележје (плоча) на Јани Лукровски (1921-1947), борец во НОАВМ и ДАГ; и
18. Предлог - Одлука за подигање на спомен - обележје (биста) на Величко Велјанов - Чичето (1874-1943), македонски револуционер, војвода во Македонската револуционерна организација и Внатрешната македонска револуционерна организација.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**